Врз основа на член 50 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02), а во врска со член 46 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 32/20) Градоначалникот на Град Скопје донесе:

# РЕШЕНИЕ

**за поништување на јавен оглас**

1. Јавниот оглас за формирање на партиципативно тело кое ќе учествува во процесот на урбанистичкото планирање на подрачјето на Град Скопје објавен на веб страната на Град Скопје - skopje.gov.mk на 05.08.2022 година СЕ ПОНИШТУВА.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето.

Образложение

Град Скопје на 05.08.2022 година објави Јавен оглас за формирање на партиципативно тело кое ќе учествува во процесот на урбанистичкото планирање на подрачјето на Град Скопје.

Во текстот на Јавниот оглас се утврди техничка грешка, како предмет на огласот наместо да стои **избор** на членови за Партиципативно тело за урбанизам на Град Скопје, стои **формирање** на Партиципативно тело за урбанизам, што не е во согласност со член 46 од Законот за урбанистичко планирање.

Нов Јавен оглас за пријава на членови за партиципативно тело кое ќе учествува во процесот на урбанистичкото планирање на подрачјето на Град Скопје ќе биде објавен во најкус рок на веб страната на Град Скопје - skopje.gov.mk

Врз основа на горе наведеното се одлучи како во диспозитивот на решението.

Бр. 08-13345/1
24.11.2022 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК НА ГРАД СКОПЈЕ
**Данела Арсовска**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА · ГРАД СКОПЈЕ · СКОПЈЕ · QYTETI I SHKUPIT · SHKUP · REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT